РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS

Бр./Nr 09-730/3
29-05-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител, на 30 – тата седница прво продолжение, одржана на ден 18.05.2020 година донесе

**ОДЛУКА**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема законски можности за преземање мерки за натамошно постапување по предметот број 09-2597/1 од 03.05.2019 година, бидејќи вработувањето на лицето --------- во АД ---------, Подружница Тетово, е спроведено согласно Законот за работните односи, по што ДКСК го запира своето постапување.

Предметот со број 09-2597/1 од 03.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2597/1 од 03.05.2019 година е оформен по доставена анонимна пријава, против лицето ---------, со наводи дека истото лице е вработено во АД ---------- како директор на Подружницата Тетово, без претходно работно искуство. Исто така, во пријавата е наведено дека наведеното службено лице извршило влијание за вработување на блиски лица во Царинската управа на РСМ.

Покрај наведеното, во пријавата има наводи и за извршено влијание за вработување на блиски лица на пратеничката Татијана Лалчевска од Тетово и тоа: нејзината ќерка во детска градинка Младост во Тетово, а нејзиниот сопруг е именуван за член на Училишен одбор во училиштето „Моша Пијаде" Тетово.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија со цел да прибере документи и податоци, се обрати до АД ---------- со допис бр. 09-2597/2 од 31.05.2019 година.

АД -------- достави документација на ден 17.06.2019 година по бр. 09-2597/3, во однос на вработувањето на службеното лице --------, по што Државната комисија ја утврди следната фактичка состојба:

Лицето ---------- е вработен во АДИССДП, по објавен оглас за вработување на ден 21.03.2018 година по претходно добиено Известување - согласност со бр.18-2499/3 од 01.03.2018 година од Министерството за финансии и донесена Одлука за потреба од засновање на работен однос на неопределено време бр.02-3394/1 од 20.03.2018 година од страна на Генералниот директор на -------. Истиот беше објавен во „Нова Македонија" и „Коха" за пополнување на 27 работни места со вкупно 39 извршители, меѓу кои и за работното место „Шеф на сметководство" во Подружница Тетово наведено во точка 26 од огласот.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

За конкретното работно место се бара 1 работник со завршено ВШС – ССС и 1 година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка, согласно Правилникот за систематизација на работни места на -----------.

За потребите за спроведување на постапката за вработување по објавениот оглас формирана е Комисија за спроведување на постапката за вработување со Решение бр.02-4298/1 од 30.03.2018 година, која по разгледување на навремено добиените пријави од кандидатите подготви Извештај за административно - техничка обработка на пристигнатите пријави по распишаниот оглас за потреба од работници за работно место од точка 26 „Шеф на сметководство" во Подружница Тетово и го достави до Генералниот директор на ------------со бр.03-5162/1 од 23.04.2018 година.

Во Извештајот се наведува дека за работното место од точка 26 „Шеф на сметководство" во Подружница Тетово се пријавиле три кандидати и тоа: -----------, --------- и ---------. Од наведените кандидати, --------- не ги исполнувала условите и нејзината пријава не била комплетна, додека другите двајца кандидати имале комплетна пријава.

Имено, лицето -------- имал завршено средно образование, а ---------- Економски факултет. Во извештајот од Комисијата за спроведување на постапката за вработување не е наведено дали е извршена некоја проверка, тестирање на кандидатите, немало ранг листа на кандидатите со усвоени бодови, немало спроведено интервју. Извештајот со двата кандидати е доставен до Генералниот директор на -------- кој на ден 24.04.2018 година со бр. 02-5207/1 носи Одлука за избор од пријавени кандидати со која се избира лицето ------- за работно место „Шеф на сметководство" во Подружница Тетово. Во образложението на одлуката, меѓу другото се наведува дека Генералниот директор на ----------- ја носи истата согласно правото на слободно одлучување од член 21 од ЗРО. По донесување на одлуката склучен е Договор за вработување со лицето -------- со бр.04-5256 од 25.04.2018 година.

Одборот на Директори на --------- на 25-от состанок одржан на ден 30.05.2018 година донесе Одлука за именување на Раководител на Подружница Тетово со бр.02-6788/5-4 со која согласно член 22 од Статутот на ---------, службеното лице --------- е назначен за Раководител на Подружница Тетово, согласно која е склучен и Договор за вработување бр.04-7696/1 од 21.06.2018 година.

На ден 31.01.2020 година Доставено е барање за дополнување на информации под бр.09-730/1 во врска со именувањето на службеното лице -------- за Раководно лице во Подружница Тетово, односно колку години работно искуство е потребно за тоа работно место. -------на ден 18.02.2020 година достави допис под бр. 09-730/2 со кој ја извести Државната комисија дека за работно место Раководител на Подружница Тетово се предвидени ВСС-ВШС и 2 години работно искуство. Службеното лице -------- ги исполнувал бараните услови кои се доставени во прилог: Диплома за завршен Економски факултет и две потврди за работен однос, едната е од -------- за работен однос од 12.09.2016 година до 31.01.2018 година и втората од ----------- за работен однос од 01.10.2010 до 31.08.2016 година.

Во однос на вработувањето на ќерката на пратеничката Татијана Лалчевска од Тетово, Државната комисија постапуваше по друг предмет со број 09-1098/1 од 07.03.2019 година кој е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува на постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Сања Лалчевска, во постапка за вработување во Детска градинка „Младост"- Тетово.

На 16 – тата седница одржана на ден 10 мај 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека не се потврдуваат наводите изнесени во медиумите, бидејќи лицето Сања Лалчевска, ќерка на пратеник Татјана Лалчевска се вработило на Јавен Оглас за работно место дефектолог во Детска градинка „Младост" Тетово, каде истата била единствен пријавен кандидат. При постапката за вработување на лицето Сања Лалчевска е формирана комисија за вработување, која има составено записник за административна селекција, по што бил изготвен и записник со ранг листа на кандидатите по завршеното интервју. Лицето Сања Лалчевска, како единствен пријавен кандидат ги исполнило сите услови и критериуми за наведеното работно место по што бил склучен договор за вработување.

На седницата одржана на ден 18.05.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека во случајот на вработување на службеното лице ------, Генералниот директор на --------- го користи своето дискреционо овластување, односно своето слободно право на одлучување и носи Одлука за избор на кандидати по сопствено убедување, по што создава простор за влијание при вработување, состојба на непотизам, клиентелизам и кронизам, ги нарушува основните уставни права на граѓаните, но ДКСК нема законски можности за преземање мерки за натамошно постапување по предметот.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk